# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА НА ЕУ“ (ПРАКТИКУМ) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р СТЕВАН ГАБЕР, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1202 – 145/4 од 144. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет одржана на 31.8.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Оливера Георгиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– доц. д-р Илија Груевски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис со наслов „Фискална политика на ЕУ“ од авторот доц. д-р Стеван Габер, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По предлогот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Јавните финансии спаѓаат во едни од фундаменталните подрачја на економската наука, што и во денешни современи услови создава интерес кај научната јавност. Ова, покрај другото, се однесува и на фискалното делување на националните економии во склоп на една повисока наднационална организација, како што е Европската Унија.

Од 90-тите години на минатиот век, откако е формирана заедничката европска монетарна унија, се прават бројни напори и обиди од страна на ЕУ за доближување на фискалните политики на бројните земји членки на Унијата. Во таа насока се движи и Економски факултет во Штип, кој се труди преку своите студиски програми да ги следи трендовите и промените во сферата на фискалната политика, а конкретно во случајов во ЕУ.

Практикумот „Фискална политика на ЕУ“ од доц. д-р Стеван Габер претставува благороден обид на авторот да обезбеди дополнително помагало за вежби за предметите Монетарна и фискална политика на ЕУ, Јавни финансии и делумно Локални финансии, со цел да се заокружи наставниот материјал по овие предмети.

Практикумот е подготвен за потребите на студентите од Економски факултет, за студиските програми Финансии, Сметководство и ревизија, Бизнис економија, со неделен фонд на 5 часа (2+2+1).

**Податоци за обемот на ракописот**

**Проблематиката која е предмет на обработка во** практикумот е претставена во конкретни теми за разработкана вкупно 45 страници, каде што студентите треба врз основа на користење на соодветна библиографија, периодични списанија и интернет линкови да приложат аргументи „за“ и аргументи „против“ одредена тема. Темите во трудот се однесуваат на актуелни наставни теми и актуелни случувања во фискалната сфера, кои треба да им помогнат во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите.

Трудот е пишуван во А4 формат со нормален пеоред, употребен е фонт Ariel, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**

Рецензентите имаат сознание дека не постојат слични практикуми со наслов „Фискална политика на ЕУ", бидејќи станува збор за недоволно истражена проблематика што остава простор за дополнително проширување на материјата од страна на авторот. Со овој практикум се третира мошне атрактивна и актуелна проблематика од областа на јавните финансии, поврзана со функционалноста на националните фискални политики и предизвиците со кои се соочуваат во ЕУ. Тука се мисли на економските интегративни процеси во Унијата, заедничкиот буџет на ЕУ, даночната хармонизација, фискалната дисциплина, фискалните правила и сл.

Дополнително, овој практикум покрива теми за разработка и за предметот Јавни финансии, кој се слуша на бројни студиски програми, како и делумно теми за предметот Локални финансии. Темите, како и за предметот Монетарна и фискална политика на ЕУ, се адекватна рефлекција на наставната програма збогатена со тековни прашања од интерес за студентите и граѓаните на Република Македонија.

Токму уникатниот начин на функционирање на фискалните политики на земјите членки на ЕУ и значењето на јавните финансии за секоја национална економија за подобрување на општествената благосостојба го оправдува одобрувањето на практикумот, а едновремено го обврзува авторот така конципираниот материјал да го збогати и прошири.

**Краток опис на содржината**

Во овој практикум авторот обработува вкупно 40 теми врз основа на кои студентите треба да изградат свои ставови за одредена тема во зависност од тоа во која група припаѓаат. Дополнително се оставени празни теми кои може да бидат потполнети со некои актуелни прашања од наставната програма по проценка на професорот.

Темите кои се предмет на анализа за предметот Монетарна и фискална политика на ЕУ се: договори за основање на ЕУ, процесот на одлучување во ЕУ, процесот на проширување на ЕУ, институции на ЕУ со посебен осврт на ЕЦБ и ЕИБ, економска и монетарна унија, европската перспектива на РМ, фискалната политика на ЕУ, буџет на ЕУ, приходите на буџетот на ЕУ, расходите на буџетот на ЕУ, хармонизација на даночните системи на ЕУ, хармонизација на директни даноци, хармонизација на индиректни даноци, пактот за стабилност и раст, реформа на пактот за стабилност и раст, фискална дисциплина во ЕУ, фискални правила, ризикот од неизвршување на обврските и ризикот од спас во ЕМУ.

Додека темите за предметите Јавни финансии и Локални финансии се: државната интервенција во економијата, отстапување на алокациската функција на локалните власти, релевантноста на дистрибутивната функција, значењето на регулативната функција, државната интервенција во сегментот на екстерналиите, тенденцијата за раст на јавните расходи, капиталните расходи во РМ, тенденцијата на раст на платите и пензиите во РМ, економските субвенции во РМ, даночните олеснувања во РМ, раст на јавните приходи преку зголемување на даноците, раст на јавните приходи преку зголемување на јавниот долг, пропорционални наспроти прогресивни даночни стапки кај персоналниот данок на доход, семејството како даночен обврзник, индексирање на данокот, даночна евазија, двојно оданочување, ефектот на јавниот долг врз идните генерации, ставот на класичарите наспроти кејнзијанците за буџетскиот дефицит, буџетската политика во РМ, методите на фискална политика, даночните реформи во РМ и неколку отворени наслови.

## З А К Л У Ч О К

Значајноста на практикумот на доц. д-р Стеван Габер се огледа во пристапот и начинот на обработка на една актуелна и динамична материја од областа на јавните финансии – фискалната политика на ЕУ, која создава бројни дискусии и дебати меѓу бројните стручњаци и научноистражувачки кадар. Авторот темелно пристапува кон обработка на материјата со воведен осврт на интегративните процеси за потоа да се осврне на фискалните аспекти поврзани со буџетот на ЕУ, даночната хармонизација, проблемите со должничкото финансирање и бројните фискални правила во насока на воспоставување на фискална дисциплина.

Несомнено е дека таквиот пристап во обработка на материјалот многу ќе им помогне на студентите во поглед на поголема креативност и динамичност за појасно да ги разберат и толкуваат суштинските проблеми од областа на јавните финансии.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип практикумот со наслов „Фискална политика на ЕУ" од доц. д-р Стеван Габер да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Оливера Георгиева-Трајковска, с.р.**
**Доц. д-р Илија Груевски, с.р.**